Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали
БИМ акционерско друштво
Бр. 02 - 197/8
22.05 2017 год.
СВ. НИКОЛЕ

БИМ СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во согласност со чл.487 и чл.490 од Законот за трговски друштва, чл.10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трговски дрштва (Сл.весник 42/10) и чл.81 од Статутот на БИМ а.д. Свети Николе, на Собранието на акционери одржано на ден 22.05.2017 год. од вкупно 9754 акции кои се важечки гласови на Собранието се претставени 6087 важечки гласови кои претставуваат 59,94 % од основната главнина 10.155 обични акции и со едногласно "за" се донесе следната

# О Д Л У К А
## утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2016 год.
## ( дивиденден календар)

**Чл.1**

Согласно одлуката за распоредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2016 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2016 година во висина од 1.500,00 денари нето, односно 1.666,6666.... денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

**Чл.2**

Последен ден на тргување со право на дивиденда е 12.06.2017 година.

**Чл.3**

Прв ден на тргување без право на дивиденда е 13.06.2017 година.

**Чл.4**

Датум на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право да добијат дивиденда е 15.06.2017 година.

**Чл.5**

Исплатата на дивидендата за 2016 година ќе започне од 03.07.2017 година.

За исплата на дивидендата акционерите ќе бидат известени преку официјалната веб страна на друштвото www.bim.com.mk.

**Чл.6**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе
Јованка Панева

Фабрика за производство на битуменски изолациони материјали, акционерско друштво
БИМ
Св. Николе